**Алкохолизмот** се карактеризира со зголемена толеранција и психичка зависност од алкохол. Долготрајните ефекти од употреба на алкохол вклучуваат цироза на црниот дроб, панкреатитис, епилепсија, полинеуропатија, алкохолна деменција, болест на срцето, нутритивен дефицит и сексуална дисфункција, како и зголемен ризик за рак. Ментални нарушувања при долготрајна употреба на алкохол се деменција, оштетување на мозочните функции, анксиозност, депресија, шизофренија, панични растројства.

Алкохолизмот се поврзува со брачни проблеми, домашно насилство, запоставување и злоупотреба на деца, загуба на работа.
Специфични знаци на алкохолизам се: амнезија, губење контрола на пиењето и однесувањето, пораст и пад на толеранцијата и апстиненцијален синдром.
Алкохоличарите манифестираат:

- Екстремно ниска толеранција на фрустрации
- Неспособност за поднесување на анксиозност и тензија
- Екстремен нарцизам.
- Присутни секундарни психолошки реакции се:
- Нагласена хиперсензитивност
- Импулсивност
- Чувство на изолација и осуденост
- Омраза
- Амбициозност
- Мазохистичко-садистички тенденции.

Симптоми на спуштање: анксиозност, немир, несоница, покачен крвен притисок, температура, забрзана работа на срцето и дишењето, срцева слабост, несоница конфузија, дезориентација, халуцинации, грчеви, до смрт.



**WWW.REDCROSS.ORG.MK**
www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija
YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross

Печатењето на овој флаер е финансиски поддржано од:

THE CHURCH OF JESUS CHRIST OF LATTER-DAY SAINTS



**Црвен крст на Република Македонија**

THE CHURCH OF JESUS CHRIST OF LATTER-DAY SAINTS

# АЛКОХОЛИЗАМ

Светската здравствена организација алкохолизмот го дефинирала како “Хроничен алкохоличар или едноставно речено алкохоличар се смета онаа личност која прекумерно зема алкохолни пијалоци, кај која се развила психичка и физичка зависност од алкохолот, која покажува соматонеуролоши и душевни пореметувања на однесувањето кое очигледно зборува за оштетувањето на психичкото и физичкото здравје, односно и пореметување на социјалната и економската состојба на личноста”.
Денеска, алкохолизмот претставува комплексен проблем и се смета за најмасовна токсиноманија и еден од најсериозните социјално-медицински и економски проблеми на современото општество. Последиците кои алкохолизмот ги предизвикува кај човекот, гледано од медицински аспект повлекува намалување на општата работоспособност и негово нормално функционирање. Гледано од социопатолошки аспект, мошне голем проблем е девијантното, т.е. асоцијалното однесување проследено со криминални дејствија како последица од алкохолизам. Посебен интерес, социолозите, психолозите и андрагозите пројавуваат за растројствата кои алкохолизмот ги предизвикува во семејството, кое како посебна градбена клетка на секое општетство претставува примарен фактор за развој на личноста, особено за психофизичкиот и емоционалниот развој и примарната социјализација.

# Распространетост

Според податоците на Светската здравствена организација во светот има околу 140 милиони алкохоличари.
Во Република Македонија има 40-60 илјади алкохоличари, или 2-3% од населението се алкохоличари. 80% од производството на грозје и овошје се преработува во алкохол. Во Република Македонија алкохолот учествува со 12% како фактор за несреќи, тешко повредени и смрт при несреќи. Етил алкохолот е застапен од 3-7% во пивото, 6-14% во виното, 30-50% во ликерот, 16-55% во ракијата и 45-50% во коњакот.

## Влијание на алкохолот врз организмот

*Оштетувања на внатрешните органи:*

**Дигестивен систем: хранопроводник, желудник, црн дроб, панкреас**
**Централен и периферен нервен систем**
**Срце и васкуларен систем**
**Бубрежно оштетување**
**Промени на кожата-пелагра**
**Телесно пропаѓање - губиток на мускулна маса**



## Делириум тременс

**Пределириум: застрашителни соништа, страв, немир, збунетост, несоница, потење, забрзан пулс, главоболки.**
**Делириум: нагло: видни халуцинации, акустични халуцинации, налудничави идеи, параноја, имитира професија, температура, нарушена свест, не спие, не јаде, обилно се поти, слаб пулс, паѓа притисок, тресе раце, неразбирлив говор, епилептички напади, длабок сон кој трае 3-4 дена.**
**Алкохолна халуциноза**
**Корсакова психоза**
**Оштетување на периферни нерви**
**Настапува атрофија на мозокот**
**Точкасти крварења во сивата маса на мозокот**
**Алкохолот го скратува животот за 15-20 години.**



**Алкохоличар е лице кое трајно и прекумерно пие алкохолни пијалоци, што доведува до душевни пореметувања или оштетувања на психичкото и физичкото здравје, тешкотии во односите со другите и оштетување на социјалната и економската состојба. Тој не може да го контролира пиењето алкохол (губење на способноста за контрола на прекумерна употреба на алкохол) што доведува до зависност.**